Програма за децентрализирана соработка меѓу
регионот Долна Нормандија и Македонија
Канцеларија на проектот во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Женевска бб, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 00 389 2 306 59 32
http://crbn-mk.courriers.info

# ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И МАКЕДОНИЈА

http://crbn-mk.courriers.info/francais







март 2011 • издание на македонски •

ИНФОРМАТОР

**ОСКА 2**

Дата: 3-7 април 2011
Место: ДН

## Студиска посета „Иновативен пристап во информирањето на младите“

Тридневна работилница е предвидена во април во Долна Нормандија во организација на Европската куќа од Каен и Коалицијата на младински организации - СЕГА. Се работи за создавање на услови, во Македонија и во Долна Нормандија, за сите млади да можат заеднички да ги откријат можностите за образование и обука како и за вработување. Работилницата е наменета за локалните власти и одговорните за младински политики, за младинските работници, за младите вклучени во локалното управување (околу 12 учесници, 6 од Македонија и 6 од Долна Нормандија). Ова ја покажува потребата од подигање на свеста и на вистински дијалог меѓу самите млади и со институциите на локално, национално и европско скалило. Развивајќи се во поширок простор, ќе го збогатиме размислувањето и способностите на индивидуите.


Тимот на СЕГА во работна посета на ДН - 2010

**ОСКА 4**

Дата: 4-7 април 2011
Место: Регион Пелагонија, МК

## Работилница и обука за културните локални политики


Пелагонија

Тридневна работилница со претставување на „студија на случај“ ќе биде организирана во еден град во регионот Пелагонија. Предвидено е за време на работилницата учесниците да изработат анализа на теренот со потребите, слабости и можности во доменот на културата во општините на регионот Пелагонија и да подготват стратегија за културен развој преку специфична методологија.

ОСКА 6

Дата: 3 - 13 април 2011
Место: ФР

## Обука и студиска посета

Дел од обуката на македонските фармери е нивна посета во Франција. Овој престој е наменет за претставниците на пилот групите заедно со претставници на ФФРМ задолжени за придружба и следење на работата на пилот групите. Мисијата во Франција ќе се спроведе од 3 до 13 април. Во текот на посетата планирано е да се посетат тамошните фарми, да се увиди тамошниот начин на производство на млеко и сточна храна, односите помеѓу кооперативите, начинот на производство, преработка и складирање на јаболка, начинот на формирање на цената и откуп. На 7 април АФДИ го организира своето годишно собрание на кое претставниците од ФФРМ ќе учествуваат.



Средба на ФФРМ и АФДИ со ресенските производители на овошје во февруари 2011

## Средишен управен одбор на македонските партнери во Прилеп, на 21ви април 2011

Средбата на средишниот управен одбор има за цел да ги прегледа активностите остварени од првите шест месеци на тековната година по пат на размена на информации помеѓу партнерите. За времe на средбата ќе се обноват целите на соработката и ќе се разгледа имплементацијата на идните активности. Сите учесници се повикани активно да учествуваат на Средишниот управен одбор со цел директно да влијаат на збогатувањето на соработката и да ја претставaт својата визија за остварените и идните проекти. На одборот ќе присуствуваат претставници од Советот на Долна Нормандија, Надеж Леклуз (Nadège Lécluse) и Сандрин Фанже (Sandrine Fanget), како и претставничката на АЛДА, Биљана Зашова.

## Патување низ Македонија за зајакнување на меѓународниот туризам, 26ти март – 1ви април

Француската компанија специјализирана за туристички консалтинг Planeth организира патување низ Македонија кое, меѓу другото, се фокусира на винарскиот и езерскиот туризам. Целта на ова патување е да обедини осум европски експерти од областа на туризмот кои ќе ги откријат убавините на Македонија како туристичка дестинација.
Групата ќе ја придружува и претставник од проектот за соработка ДН-МК со цел да се запознае со туристичките вредности на Македонија преку искуствата на меѓународните туристички експерти.
Fam trip е дел од соработката на Светска Банка со Министерството за економија на Македонија, секторот за туризам.

ОСКА 3

# Презентирана методологија за заштита на архитектонското наследство во Македонија

Дата: 23 - 26 февруари 2011
Место: МК



На 23 февруари годинава, Градоначалникот Горан Петров во функција на претседател на Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство оствари средба со делегација на Француската национална асоцијација на градови со историја и уметност, како дел од Оската 3 „Попис на културно наследство" од проектот за децентрализирана соработка меѓу францускиот регион Долна Нормандија и Македонија. На средбата присуствуваа Марилиз Ортиз, директор на Француската национална асоцијација, Антоан Бругерол експерт за заштита на архитектонско наследство, Жаки Крушо, раководител на секторот за урбанизам во градот Бајон и Елена Никодиновска координатор на активностите за соработка помеѓу Република Македонија и Република Франција.

Градоначалникот Петров изрази задоволство од вклучувањето на Велес во проектот за децентрализирана соработка со регионот Долна Нормандија и можноста заедно со уште 6 македонски општини да се работи на примена на европските стандарди за заштита на архитектонското наследство. Марилиз Ортиз ја нагласи досегашната успешна соработка со Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство и изрази надеж дека овој проект ќе резултира со конкретни проекти на терен. „Ние веќе разговараме со Советот на Европа за поддршка на проектите за заштита на архитектонското наследство", рече Ортиз. Како што нагласи Антоан Бругерол, инвентаризацијата на архитектонското наследство во Европа се развива врз основа на две функции: да се нагласи значењето на архитектонското наследство и да се идентификуваат тематски целини во архитектурата што ќе овозможат одржлив развој, подобар амбиентален живот, зачувување на архитектонскиот идентитет и развој на туризмот. „Сите активности се реализираат со максимално вклучување на населението", рече Жаки Крушо.

На 25 февруари во просториите на општина Велес беше презентирана методологијата за попис на архитектонското наследство, од страна на претставниците на француската делегација, која за првпат во Македонија беше применета во старата чаршија во Скопје. Се предвидува истата да биде применета и во други градови во Македонија членки на Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство.



Француската делегација во посета кај Градоначалникот на Велес, Горан Петров

ОСКА 6

Дата: 16 - 26 февруари 2011
Место: МК

# Зајакнување на соработката на земјоделците

Од 16 до 26 февруари 2011 година, двајца претставници од АФДИ беа во посета на Македонија. Целта на студиската посета беше да се остварат средби со идентификуваните пилот групи. Во рамките на средбите со пилот групите на млекопроизводители, Ришар Деминик (Richard Demynick) и Жан Луи Лоар (Jean Louis Loir) како претставници на АФДИ имаа можност да ги увидат директните проблеми со кои што фармерите се соочуваат секојдневно при што беше напомнато дека во овој дел од Македонија постои сериозен проблем со пласманот на млекото, но од друга страна беше истакната и загриженоста за лошиот квалитет на млекото и условите во кои што македонските фармери ги одгледуваат млечните крави. Баквите заклучоци беа произлезени од директните разговори со двете пилот групи во Гостивар и село Пршовце, посетата на повеќе фарми во овој регион, но и од посетата на АД Млекара Тетово, како претставник од преработувачкиот сектор.
Средби беа остварени и со новите две пилот групи кои што исто така работат и во рамките на сопствени кооперативи, при што на претставниците од АФДИ им беа искажани нивните потреби и проблемите со кои што се соочуваат. Беа остварени две средби со претставници на единиците на локалните самоуправи во Берово и во Ресен, а исто така желбата за приклучување кон овој проект во иднина преку формирање на посебна фокус група ја изразија и земјоделците од здружението „Камењане", на кое што претседателот е член на УО на ФФРМ. Овие земјоделци се занимаваат со одгледување на разни видови на житарици.
Особено успешно помина предавањето на претставниците на АФДИ во Прилеп на погоренаведената тема. Имено, пред група од 30-тина фармери и претставници на откупувачите на житарици беше реализирано предавањето на кое што беа разгледани светските трендови во движењето на цените на житариците. Овој настан беше и медиумски покриен при што свои изјави за медиумите дадоа Richard Demynick, претседателот на ФФРМ, г-динот Андрија Секуловски и претставникот на секторот за житарици во ФФРМ, г-динот Мемет Синани. Во медиумите беше истакната потребата за соработка помеѓу овие две организации и бенефитот од ваквите посети на француските фармери.
Посетата заврши со конференцијата која што се одржа на 25ти февруари, каде особено значаен придонес имаа претставниците на АФДИ истакнувајќи ги своите ставови во однос на темата на конференцијата („Кооперативно здружување - основа за подобрување на конкурентноста на фармите"), а исто така свој удел имаа и во дискусиите и прес конференцијата за медиумите. На конференцијата зборуваа претставници од KASH (Agrobusiness Council of Albania), IADK (Initiative for agricultural development of Kosovo), претставници на бројни проекти во Македонија од областа на земјоделството (SNV, USAID, ALDA, NORGES VEL), претставник од Европската Делегација во Македонија, како и претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Стопанската Комора на РМ, претставници од Француската, Шведската, Норвешката Амбасада, Амбасадата на САД, еминентни професори од Факултетот за земјоделски науки и храна, Ветеринарниот Факултет, претставници од Стопанската Комора на РМ, итн.
ФФРМ и здруженијата на фармери и земјоделци на Балканот кои што преку дискусиите имаа можност да ги истакнат проблемите кои што најмногу ги засегаат, но и да разговараат за изнаоѓање на решенија на истите, како би го подобриле квалитетот на своето производство и би обезбедиле сигурен пласман на своите производи во Македонија и на Балканот.



Дел од учесниците на конференцијата „Кооперативно здружување - основа за подобрување на конкурентноста на фармите"

ОСКА 1

Дата: 8 - 11 декември 2010
Место: ДН

# Студиска посета на регионот Долна Нормандија



Презентации за активностите на македонските институции во областите на дигиталните технологии и локалната самоуправа во Сен Ло

Во периодот од 8ми до 11ти декември 2010 година, државна делегација од Македонија го посети регионот Долна Нормандија. Делегацијата беше составена од г-н Павле Саздов , Државен секретар во Министерство за информатичко оштество, г-н Александар Угриноски од Агенцијата за државни службеници, г-н Бардил Јашари, Директор на Фондацијата Метаморфозис и г-ца Елена Игнатова, проектен координатор во Фондација Метаморфозис. Целта на посетата е средба со чинителите во Долна Нормандија од областа на е-учење и во областа на обуката на службениците на локалната самоуправа, испитување на остварливоста на проект за обука на македонските службеници преку модалитетот е-учење и размена на македонското искуство во спроведување на дигиталните технологии во локалната власт. Во рамките на посетата беа остварени неколку средби, меѓу кои: средба со компанијата Ingénium што се занимава со развој на решенија за е-учење на регионално ниво, официјален пречек на македонската делегација во Регионалниот совет на Долна Нормандија со присуство на г-ѓа Корин Ферет , средба со локалните чинители : EPN (Јавен дигитален простор) / службениците на локалната самоуправа оптината во врска со искуството во воспоставувањето на курсеви теле-обука за оптинскиот персонал во P@T на Монтањ-о-Перш и други.  Покрај средбите со официјални претставници на локалната самоуправа, делегацијата присуствуваше на семинарот на EPN (Јавен дигитален простор) во Сен Ло, каде г. Павле Саздов и г. Бардил Јашари имаа презентации за активностите на двете институции во областите на дигиталните технологии и локалната самоуправа.

# NALAS 2011 - Успешен саем на градови и општини во Сараево

Локалните власти од сите земји од Југоисточна Европа се најдоа во Сараево, на 10ти и 11ти март 2011, за интернационалниот саем на општини, NEXPO 2011 – NALAS. Настанот беше организиран од страна на Мрежата на асоцијации на локалните власти (NALAS) во соработка со општините и градовите на БиХ и РС. Оваа регионална изложба е прва од овој вид, каде сите учесници (општини и градови, но и организации за локален и меѓународен развој, амбасади, инвеститори, итн.) ги претставија своите стратегии, иновации и методи на работа.

Програмата за децентрализирана соработка помеѓу регионот Долна Нормандија и Македонија беше претставен од страна на канцеларијата за врски во Скопје, Асоцијацијата на Агенции за локална демократија (АЛДА). Претставувајќи ги најновите активности и оски на соработка, посетителите покажаа најголем интерес за оските 3, 5 и 6, но и за збратимувањето на градови и размена на млади и кадар.

Настанот NEXPO 2011 обедини повеќе од 200 градоначалници и 100 учесници, официјални лица и владини органи, подготвени да соработуваат со цел да ги зацврснат своите постоечки и да започнат нови врски. Со потпишувањето на околу 30 билатерални договори и "Декларацијата за добро управување и улогата на локалните власти во европската интеграција", овој настан ја покажа решителноста на земјите и регионите од Југоисточна Европа за напредок преку взаемна соработка. Извршниот дирекор на NALAS, г-динот Келменд Заjази, им се заблагодари на сите учесници за нивниот придонес и изјави: NEXPO 2011 во Сараево е солидна основа за вмрежување на локалните власти во регионот, кое ќе одигра клучна улога за европската интеграција во иднина.